ЕМИТЕР

МАКЕДОНСКО СПИСАНИЕ ЗА ПОПУЛАРИЗАЦИЈА И ПРИМЕНА НА НАУКАТА И ТЕХНИКАТА

ул. Петар Манџуков бр. 50-б, Скопје
тел: (02) 3115-111, emiter@unet.com.mk
www.emiter.com.mk

**До**

**Електротехничките училишта во Р.М.**

**За професорите по практична настава**

Број Р-11/2013

Скопје, 15.04.2013 г.

***Предмет: Конкурс за електронски конструкции од учениците***

Почитувани колеги,

Претпоставувам дека списанието ЕМИТЕР ви е добро познато, па затоа веднаш ќе преминам на поводот за ова писмо.

Во насока на стимулирање на творештвото на учениците во областа на електрониката одлучивме да спроведеме еден мал награден конкурс. Имено, во мартовскиот број на Емитер (3/2013) во написот “Сигнал-трасер” (објавен на стр. 58-60) упативме повик до сите ученици да ни испратат фотографии од нивните практични реализации на овој уред. Поради ова ви се обраќам вам, како наставници по практична настава, со молба да ги информирате учениците за овој конкурс и, колку што е можно, да им помогнете во изработката. Познавајќи ги наставните програми се надевам дека изработката на сигнал-трасерот можете да ја вклопите во редовните вежби по практична настава или во проектните активности, со што ќе се добие помасовно учество на учениците. Фотографиите од своите изработки на сигнал-трасерот учениците треба да ги испратат на нашата e-mail адреса podgotovka@emiter.com.mk или emiter@unet.com.mk . Фотографиите ќе бидат објавени на нашиот веб-сајт на страницата за сигнал-трасерот http://www.emiter.com.mk/poveke.php?napis_id=4360 , со што делата на учениците ќе бидат достапни на пошироката јавност. Конкурсот трае до 31.05.2013, по што нашето жири ќе ги прогласи најдобрите проекти и ќе ги додели следните награди:

1. награда: годишна претплата на Емитер и укоричен комплет од претходни броеви (донација од Емитер) плус мултиметар MY 62 (донација од ГАЦ електроник),
2. награда: полугодишна претплата на Емитер и укоричен комплет од претходни броеви (донација од Емитер) плус лемило 30W и вакуум пумпа (донација од ГАЦ електроник), и
3. награда: полугодишна претплата на Емитер и укоричен комплет од претходни броеви (донација од Емитер) плус експериментална плочка (донација од ГАЦ електроник).

Дополнително, наставникот кој е ментор на првонаградениот ученик ќе добие исто така годишна претплата на Емитер и укоричен комплет од претходни броеви.

Комплети со елементи за изработка на сигнал-трасерот можат да се набават од нашиот бизнис партнер ГАЦ електроник, тел. (02) 6091-506 и (02) 2462-555. Цртежот за изработка на плочката со печатено коло (ППК) може да се преземе од горенаведената страница на нашиот веб-сајт.

Со надеж дека ќе дадете свој несебичен придонес во популаризација на овој конкурс и во стимулирање на ученичкото творештво на полето на електрониката, срдечно Ве поздравувам.

*Со почит,*

*Слободан Таневски*

Управител и гл. уредник